# Едукација во Ново Место Словенија

Едукација на Ангеловски Александар Радиолошки Технолог вработен во Здраствен Дом Скопје,во Сплошна болница ,Ново Место Словенија во периодот од 23.03.2015 до 17.04.2015 год.
Болницата како здраствен центар во југоисточниот дел од Словенија згрижува пациенти од 250 илјади граѓани што живеат и гравитираат во тој регион.

Нашата група која беше пратена на едукација беше составена од 10 членови од разни области од медицината.

После срдечниот прием и запознавување на болницата со опкружување и персонал се изврши документирано предавање за здраствената нега, сепса и антисепса како и предавање за евакуација и користење апарати во случај на пожар и други непогоди.

Во стручниот дел од медицината за кој бев пратен на едукација бев распореден во кабинетот на компјутеризирана томографија(КТ) ,а покасно и во кабинетот за дигитална радиологија на скелет.По мое барање поминав извесен период и во кабинетите на магнетна резонанса како и во Здраствениот Дом каде присуствував во кабинетите на момографија, ортопантемографија каде се обавуваа и сминања на ретроалвеоларни снимки.

Во делот на обуката каде што беше предаван КТ освен стручниот дел можам да истакнам некој податоци кој можат да бидат во корист во здраството на РМ:

1.Во периодот од почетокот на годината до 31.03.2015 беа прегледани 1648 пациенти по извештај со работа во две смени од 08 до 14 часот и од 14 до 20 часот.Одредувањето на времето на преглед кај пациентите се врши после стручна проценка од добиените извештаи за болеста на пациентите од страна на радиолошкиот кабинет.

2.Пациентите кој живеат во овој реон доколку не се задоволни од времето закажано за преглед може по негово барање преку страниците на министерството да закажат на било кое друго место во Словенија или во ЕУ.

3.Цената на приватните прегледи на КТ изнесува 250 евра со контраст 300.

4.Ртг дијагностиката се работи со дигитални апарати каде квалитетот на изработената снимка е многу поголем како и цената на изработката на снимката многу по исплатлива.

5.Сакам да истакнам нешто што подолго време ние како здружение на Радиолошки технолози го бараме од Министерството за Здраство промена на закон. Се работи за правото Радиолошките технолози да можат да обавуваат самостојна дејност снимање на

заби независно од Стоматолошката ординација.Право кое успешно функционира во Словенија.Како дел од едукацијата ви го приложувам и овој видео исечок со коментар на Главниот дипломиран радилоши инжињер Андреј Петаковиќ.

*Поздрав!!*